ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2019 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2020 07 02/3

Скопје, јуни 2021

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Сметка на приходи на буџет на дотации - 930 | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојба | 6 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 7 |
| - Сметководствени политики | 7 - 9 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 9 - 12 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-656/8
Дата: 30.06.2021

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гази Баба за 2019 година.

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гази Баба за 2019 година.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба, сметка на приходи на буџет на дотации (930), во кој е изразено мислење без резерва.

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на регуларност за 2009 година на сметката на приходи на буџет на дотации (930). Со проверката е констатирано дека е дадена една препорака и нејзината реализација е во тек, со оваа ревизија е констатирано дека препораката е спроведена.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на блок дотации од области на основно образование и социјална заштита.
Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и купување на опрема и мебел.
На Нацрт извештајот не се доствени забелешки од одговорното лице на Општина Гази Баба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 до 6 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба на сметката на приходи на буџет на дотации – 930, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гази Баба за 2010 година. За виситинитиста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот од финансиските активности за 2010 година, изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на општината Гази Баба застапувано од:

- Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.“

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење."

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.01.2021 до 23.04.2021 година кај Општина Гази Баба од тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Наде Бојаџиевска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Марија Трајковска, самостоен ревизор;
- Рамадан Алија, самостоен ревизор;
- Фарук Невзади - самостоен ревизор;
- Александра Димовска Чрчева - виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Адем Тахири-виш ревизор и
- Исни Абдулаи – помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2010 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба. Со проверката е констатирано дека дадената една препорака не е спроведена, со оваа ревизизија е утврдено дека состојбата е надмината.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 06.05.2021 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Гази Баба на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## Општина Гази Баба

## Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 35 |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 437.269 | 387.897 |
| **Вкупно приходи** | | **437.269** | **387.932** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 310.322 | 284.341 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 83.172 | 64.919 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **393.494** | **349.260** |
| **Капитални расходи** | 3.3 | **9.180** | **713** |
| **Вкупно расходи** | | **402.674** | **349.973** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **34.595** | **37.959** |

Образложенијата од страна 7 до 12 се составен дел на финансиските извештаи

**Општина Гази Баба**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2019 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 34.595 | 37.959 |
| **Вкупно тековни средства** | | **34.595** | **37.959** |
| **Вкупна актива** | | **34.595** | **37.959** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 34.595 | 37.959 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **34.595** | **37.959** |
| **Вкупна пасива** | | **34.595** | **37.959** |

# 1. ВОВЕД

Општина Гази Баба е единица на локална самоуправа формирана согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општина Гази Баба од Буџетот на Република Македонија добива приходи по основ на блок дотации согласно член 12 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Од Буџетот на Република Македонија согласно одредбите од Законот за буџетите и од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во корист на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општина Гази Баба, се вршат уплати на блок дотации од областа на образованието (единаесет основни училишта) и социјалната заштита (две детски градинки и тоа: "Детска радост" со три клонови и "25 Мај" со пет клонови).

Средствата се користат за следните намени: основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и купување на опрема и мебел.

Општинските буџетски корисници ги користат овие средства согласно финансиските планови. Истите во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Општина Гази Баба финансиското работење на сметката на приходи на буџет на дотации (930) го врши преку сметката 777014107693010 во рамки на Трезорската сметка.
Овластен потписник на сметката е:

- Борче Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

# 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Основни начела**

2.1. Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

2.2. Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следните видови на дотации:
- наменска дотација;
- блок дотација, и
- дотација за делегирана надлежност.

2.3. Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

2.4. Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите.

2.5. Дотациите се користат за финансирање на конкретна активност.

2.6. Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските и блок дотациите по општини, по проект и инструкција и/или програми со буџетска пресметка за следната буџетска година.

2.7. Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменските и блок дотации.

2.8. При констатирање на неправилности во користењето на дотациите, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

2.9. Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.10. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Сметководственото начело на парично искажување значи приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположливи кога се остварени во пресметковниот период.

2.12. Сметководственото начело на парично искажување значи расходите и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничување**

2.13. Корисниците на средствата на дотации се должни утврдените средства да ги користат наменски, рационално и економично и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

**Биланс на состојба**

2.14. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на добиените износи од Буџетот на Република Северна Македонија за средствата кои се обезбедени согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по основ на блок дотации како дополнителни приходи за финансирање на надлежности определени со закон, од областа на образованието и социјалната заштита кои во 2019 година изнесуваат 437.269 илјади денари ( 2018 година 387.897 илјади денари)
Со буџетот на Општина Гази Баба предвидени се приходи во износ од 436.550 илјада денари.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- основни плати и надоместоци кои опфаќаат: основни плати за вработените и персонален данок на доход и
- придонеси за социјално осигурување од работодавачите кои опфаќаат: основни придонеси за ПИО, основни придонеси за здравство, основен придонес за професионално заболување и основни придонеси до Агенцијата за вработување.

во 000 денари

| **Опис** | **Буџет 2019** | **2019** | **2018** | **разлика** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Основни плати и надоместоци | 227.800 | 225.070 | 207.550 | 2.730 |
| Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 85.540 | 85.252 | 76.791 | 288 |
| **Вкупно:** | **313.340** | **310.322** | **284.341** | **3.018** |

### 3.2.2. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: трошоци за електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, дрва, течни горива, пошта, телефон и телефакс и транспорт на луѓе;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка кои опфаќаат: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, материјали за АОП, униформи, обувки, прехранбени продукти и пијалаци, наставно образовни помагала, училишни материјали, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар и други материјали;
- поправки и тековно одржување кои опфаќаат: одржување на згради, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, поправки и одржување на мебел, на софтверска и хардверска опрема, поправки и одржување на друга опрема и одржување на зелени површини околу згради;
- договорни услуги кои опфаќаат: изнајмување на канцелариска опрема, банкарска провизија, осигурување на недвижности и права, правни услуги, други здравствени услуги, дополнителни активности, превозни услуги во образованието, други образовни услуги, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги и други договорни услуги.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 39.320 | 36.605 | 31.335 | 2.715 |
| Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 9.230 | 7.080 | 4900 | 2.150 |
| Поправка и тековно одржување | 38.230 | 31.867 | 22.551 | 6.363 |
| Договорни услуги | 9.830 | 7.620 | 6.133 | 2.210 |
| **Вкупно:** | **96.610** | **83.172** | **64.919** | **13.438** |

### 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, и тоа по следните основи:

- капитални расходи, што опфаќа: купување на информатичка, видео опрема и купување на друга опрема
- градежни објекти
- други градежни објекти и
- купување на мебел што опфаќа: купување на канцелариски и училишен мебел.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Капитални расходи | 1.400 | 836 | - | (564) |
| Градежни објекти | 18.720 | 5.349 | 663 | (13.371) |
| Други градежни објекти | 6.500 | 2.995 | - | (3.505) |
| Купување на мебел | 0 | 0 | 50 | - |
| **Вкупно:** | **26.620** | **9.180** | **713** | **(17.440)** |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства што се на сметката на приходи на буџет на дотации (930), како и вкупниот

промет на паричните средства што се врши преку сметката. Состојбата на 31 декември 2019 година е 34.595 илјади денари (2018–37.959 илјади денари).

**Пасива**

## 4.2. Тековни обврски

### 4.2.1. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина на дел од вишокот на приходите пренесени во наредната година во вкупен износ од 34.595 илјади денари (2018–37.959 илјади денари).